До:
Здружение на приватни лекари на Република Македонија

**Д-р. Лилија Чолакова Дервишова – претседател**

Почитувана Д-р **Чолакова Дервишова**,

Дозволете ми прво да Ви се извинам за не можноста досега да се сретнам со Вас. Но навистина сум постојано ангажиран со патувања и еве дури сега сум во можност официјално да ви се обратам и побарам средба со Вас.

Како што Ви напоменав и во нашиот телефонски разговор посебно задоволство ми претставува да Ве запознаам со меѓународниот проект www.healthgrouper.com.

Healthgrouper е интернет проект за размена на информации од областа на здравството кој има за цел да ја зголеми транспарентноста и пристапот до здравствените услуги и на едноставен начин да ги ориентира корисниците за тоа, кои услуги каде може да ги добијат.

www.healthgrouper.com им нуди можност на сите лекари од Република Македонија, како и од целиот регион да аплицираат онлајн и да отворат свои **бесплатни професионални профили**. Со активирањето на профилот, докторот станува дел од **првата интегрирана регионална здравствена мрежа во Југоисточна Европа**. Добива можност да ја промовира својата работа дома, но истовремено да биде присутен во целиот регион. Им дава можност на своите колеги и пациенти да се запознаат со него, неговата работа, и стручните квалитети со кои располага.

Моето барање до Вас како претседател на ЗПЛРМ е да ми овозможите во текот на наредната недела од 26 септември до 2 октомври соодветен термин за средба, кој наповеќе Ви одговара како би можел проектот Хелтрупер официјално да го презентирам пред раководството на ЗПЛРМ.
Презентацијата ќе се состои од онлајн проекција на проектот која ќе трае околу 30 минути. Наредните 30 минути би отвориле можност за прашања, критики, и размена на идеи со Вас.

Јавната промоција на проектот е закажата за 14 октовмри во 11ч во хотел Холидај Ин, за што ќе добиете посебна покана.

Во исчекување на Вашиот одговор, јас останувам

Срдечно Ваш

Д-р Владимир Лазаревик